Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## MOTOROLA MC75



Новиот мобилен телефон на американскиот производител "Motorola", под името MC75, не го карактеризираат компактни димензии, тенок и елегантен изглед, мала тежина, ниту стилски дизајн. Новиот мобилен Motorola MC75 ја исполнува својата основна задача - речиси е неуништлив. Motorola MC75 спаѓа во категоријата EDA (Enterprise Digital Assistant) и е наменет специјално за тешки услови за работа на терен. Мобилниот ги комбинира брзиот пристап за говор и податоци со поддршка на 3G мрежата заснована на HSDPA и CDMA-EV-DO (Rev A) стандардите за безжична комуникација. Отпорниот EDA уред нуди безжично приклучување на Интернет со помош на WiFi 802.11a b/g стандардот. Motorola MC75 има процесор "Intel", модел XScale PXA270 со фреквенција од 624 MHz, а работи на оперативниот систем Microsoft Windows Mobile 6.0.

## CHRISTIAN DIOR - MOBILE

Овој мобилен ќе се најде во продавниците на Диор ширум светот во септември и ќе чини 3.500 евра. За пребирливите со подлабок џеб ќе биде достапен модел со



640 дијаманти, за кои ќе треба да платат "само" 18.000 евра (секако во пакетот се добива и футрола од крокодилска кожа). Малиот "сладок" преклопен мобилен навистина е вистинско задоволство за сите припаднички на понежниот пол, а на металниот сјај на рамката се наоѓа и препознатливото лого на француската модна куќа.

Телефонот има камера и тач скрин. Произведен е во партнерство со ModeLab.

